ДАМОВСКИ Андон[1]

УДК: 061.23:364-7(497.7)

# ПРОФИЛОТ НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА: ДАВАТЕЛИ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Апстракт:*** Граѓанското содружништво афирмира самоорганизирање на граѓаните, во различни форми на здружување заради остварување на одредени интереси или за задоволување на одредени потреби.

Улогата на граѓанското содружништво во развојот на демократско општество ужива растечки тренд на одобрување, но постојат и многу недоречености во однос на неговото постоење. Она што го дефинира граѓанското содружништво е фактот дека тоа е просторот каде што граѓаните можат слободно да се здружуваат и организираат во групи и организации на различни нивоа во согласност со нивните интереси и потреби и помалку или повеќе независно од државата или другите јавни власти и од економијата. Сепак, граѓанското содружништво не може да се перципира како опозиција на државата и стопанството. Денес, особено под влијание на новите парадигми за организација на општествениот живот учеството на граѓанските здруженија во процесите на креирање јавни политики е се почест предмет на интересирање веќе подолг временски период. Во последните три децении од развојот на македонското опшетство граѓанското здружување и со него поврзаните поими како, на пример, граѓанско содружништво, невалдин сектор, цивилно општество, граѓанско опшетство, непрофитен сектор итн, зазема се поистакната место. Тоа е присутно во сите сфери на опшетстveото живеење. Ако на почетотот од транзицијата оваа идеја носеше главно политичка димензија денес таа е концептуализира скоро во сите области на општествениот живот па и во процесите на развојот и имлементирањето на политики. Во тој контекст граѓанското содружништво зазма се поистакнато место во развој и спроведување на социјалните политики во светот и кај нас. Се поголем број на граѓански здруженија и организации се вклучуваат во спроведување на социјални политики што доведува до креирање на продуктивни социјални политики.

Во рамки на овој текст, поаѓајќи од постојните законски определби на граѓанските здруженија кај нас се прави профил на граѓанските здруженија со посебен акцен на граѓанските организации кои се лиценцирани како даватели на социјални услуги. Профилирање на граѓанското содружништо кај нас е

[1]PhD студент, Институт за социологија, Филозовски факултет-Скопје, e-mail:andon_damovski@hotmail.com

изведено како статистичка анализа на податоците достапни во Листата на граѓански организации на Централниот регистер на Република Северна Македонија..

***Клучни зборови:*** граѓанско содружништво, граѓански здруженија, статистички податоци, социјална политика

**DAMOVSKI Andon**[2]

## THE PROFILE OF CIVIL ASSOCIATIONS - PROVIDERS OF SOCIAL SERVICES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

***Abstract:*** Civil partnership affirms the self-organization of citizens, in various forms of association for the purpose of realizing certain interests or satisfying certain needs. The role of civil society in the development of a democratic society enjoys a growing trend of approval, but there are also many uncertainties regarding its existence. What defines civil society is the fact that it is the space where citizens can freely associate and organize in groups and organizations at different levels in accordance with their interests and needs and more or less independent of the state or other public authorities and of the economy. However, civil partnership cannot be perceived as an opposition to the state and the economy. Today, especially under the influence of new paradigms for the organization of social life, the participation of civil associations in the processes of creating public policies is an increasingly common subject of interest for a long period of time. In the last three decades of the development of the Macedonian society, the civil association and related terms such as, for example, civil association, non-governmental sector, civil society, civil society, non-profit sector, etc., occupy a more prominent place. It is present in all spheres of social life. If at the beginning of the transition, this idea carried mainly a political dimension, today it is conceptualized in almost all areas of social life, including in the processes of development and implementation of policies. In that context, the civil society took a more prominent place in the development and implementation of social policies in the world and in our country. A growing number of civil associations and organizations are involved in the implementation of social policies, which leads to the creation of productive social policies.

Within the framework of this text, starting from the existing legal determinations of civil associations in our country, a profile of civil associations is made with special emphasis on civil organizations that are licensed as providers of social services. Profiling of the civil society in our country is performed as a statistical

[2]PhD student, Institute of Sociology, Faculty of Philosophy – Skopje, e-mail: andon_damovski@hotmail.com

analysis of the data available in the List of Civil Organizations of the Central Register of the Republic of North Macedonia.

***Keywords:*** civil partnership, civil associations, statistical data, social policy

## **Вовед**

Новите текови на општествените промени исфлија на површина различни видови општествен ангажман кој на граѓаните им дава можност да ги искажат на поинаков начин нивните афинитети, интереси и цели. Општествената, односно економкста, културната, социјалната и политичка транзиција што ја зафати нашата држава, донесе нови трендови кои во западните земји веќе доживеаја своевиден бум. Имено, граѓанското здружување, со неговите различни легални форми, зазема се поголемо и позначајно место насекаде, како и растечко учество во создавањето и при распределба на општествените средства. Таа област претставува неисцрпен извор и е реализатор на најхетерогените идеи, кои го претставуваат ткивото кое се надоградува врз скелетот на системот.

Битната карактеристика притоа се состои, освен во задоволувањето на некои лични и групни интереси и афинитети и во способноста и можноста граѓанските здруженија (или постручниот и поспецијализираниот дел од нив), да ги задоволат општествените потреби на многу порационален начин отколку што тоа можат да го направат државните служби и органи. Започнувајки со работата често и на доброволна база граѓанските здруженија, прераснуваат во генератори и мошне важни учесници во прогресот на една држава. И не залудно развиеноста во овој домен се зема како индикатор за демократизација и плурализмот на одредено општество, од причина што се смета дека со оваа област се овозможува јакнење на пазарната економија како и транспарентност на правната држава- елементи кои создаваат адекватна политичка и легална клима за афирмација на разновидните интереси во дадената средина.

Во последните три децении од развојот на македонското опшетство граѓанското здружување и со него поврзаните поими како, на пример, граѓанско содружништво, невалдин сектор, цивилно општество, граѓанско опшетство, непрофитен сектор итн, зазема се поистакната место. Тој е присутен во сите сфери на опшетстввеото живеење. Ако на почетотот од транзицијата оваа идеја носеше главно политичка димензија денес таа е концептуализира скоро во сите области на општествениот живот па и во процесите на развој и имлементирање на политики. Во тој контекст граѓанското содружништво зазма се поистакнато место во развој и спроведување на социјалните политики во светот и кај нас. Се поголем број на граѓански здруженија се вклучуваат во спроведување на

социјални политики што доведува до креирање на продуктивни социјални политики.

Во рамки на овој текст најпрво се дефинира граѓанското здружување кај нас согласно постојните законски и други нормативни извори, потоа во вториот дел се дава профил на граѓансото содружништво кај нас со зафаќање на некои позначајни аспекти на неговата струткура и оргранизација и, во третитот дел посебен акцент се става на профилот на граѓанските организации кои се лиценцирани како даватели на социјални услуги кај нас. Методолошки, профилирањето на граѓанското содружништво кај нас, општо и на давателите на социјални услуги посебно, се изведува врз основа на статистичка анализа на податоците достапни во Централниот регистар на граѓански здруженија и фондации како и во Регистарот на лиценцирани граѓански организации за даватели на социјални услуги.

## 1. Дефинирање на граѓанското содружништво

Терминолошки организацискиот универзум, кој е лоциран помеѓу државата, пазарот и поединците и нивно приватно живеење, се означува со неколку називи како што се непрофитен сектор, милосрден сектор, волонтерски сектор, независен сектор, невладини организации, граѓански организации и др. Секој од овие називи потенцира еден од аспектите на стварноста, а ги игнорира другите: милосрдниот ја потенцира поддршката/потпората која овие организации ја примаат од донаторите; волонтерскиот го нагласува пошироко инпутот што го даваат волонтерите /доброволците во тие организации; непрофитниот го нагласува фактот дека овие организации не осигуруваат профит за своите усвоители и членови; независниот ја нагласува релативно автономната улога на овие организации во односот кон државата итн.

Поради тоа денес се повеќе се користи неутралниот израз трет сектор. Овој израз први го употребиле американските научници А. Етзиони, Т.Левит и В.А.Нилсен. Според нив во овој сектор спаѓа посредничкиот организациски простор, кој е лоциран помеѓу државата и пазарот и кој ги вклучува сите организации кои поради различни причини не спаѓаат во оваа дихотомија. Третиот сектор според мислењето на А.Етзиони со тоа што ја комбинира правичноста и предвидливоста на јавниот сектор и флексибилноста и ефикасноста на пазарот претставува алтернатива на сите слаблости врзани со рационализацијата и со бирократизацијата и максимилизација на профитот. Изразот трет сектор претендира да се покрие како американскиот nonprofit sector, така и англискиот *nonn-statutary sector*, односно *voluntary sector*, францускиот *economie sociale* и германскиот *gemeinnutzige organisationen*. Меѓутоа, овој израз е релативно празен, не укажува на тоа што го покрива.

Поимот граѓански здруженија се употребува како компромис помеѓу изразот кој изгледа најсеопфатен меѓутоа предолг (невладини-непрофитни-волонтерски здруженија), и граѓански здруженија кој укажува на препознатливи содржини (определувања). Кога зборуваме за препознатливите содржини во прв ред се мисли на содржините на граѓанското содружништво. Додатен аргумент кон тоа може да биде констатацијата дека граѓанското содружништво денес можеме да го препознаеме во прв ред по дејствувањето и улогата на граѓанските здруженија па дури и како синоним на граѓанско здружување.

Слично како што не постои согласност при именувањето на организацискиот комплекс, кој се наоѓа помеѓу државата, пазарот и поединците и нивниот приватен живот и во кој се вклучени организации, кои имаат специфични појавни облици и кара-ктеристики, не постои нити една дефиниција во овој комплекс. Причини за тоа има повеќе. Една од причините може да се побара во големиот број организациски облици на граѓанските здруженија. Тие може да се распоредат на еден континум кој се протега од формалните организации, преку различните доброволни здруженија односно асоцијации до полуформалните групи за самопомош. Втората причина е во многу поголемата моќ која во модерните општества ја имаат другите два сектора. Но и двете образложенија немаат доволна експлатациска тежина.

Л.М.Саломон и Х.К.Анхалиер (L.M Salomon & X.K.Anhalier, 2014) утврдуваат повеќе типови на дефиниции за граѓанските здруженија:

- **Правна дефиниција**: дефиниција која е запишана во законите на одделни држави;

- **Економска дефиниција**: дефиниција која ги определува граѓанските здруженија и со оглед на изворот на приходите, во граѓанските здруженија вклучува организации, чиј главен извор на приход (повеќе од половина) се непосредните прилози, донации на донатори и чланарина од членовите;

- **Функционална дефиниција**: дефиниција која ги потенцира функцијата и намената и ги класифицира во граѓанските здруженија оние приватни/невладини организации што имаат општо корисна/јавна намена;

- **Структурно-операционалната дефиниција**: дефиниција која се насочува кон основната структура и дејствување и притоа во граѓанските здруженија ги класифицира оние организации што се:

- *Формално установени* и имаат одреден степен на организациски континуитет, со што се исклучени облиците на, во прв ред потполно неформално и привремено здружување на луѓето;

- *Приватни/невладини* во својата основна структура, што значи дека се воспо-ставени од страна на приватни/невладини актери и истовремено можат да бидат финансирани од страна на државата и можат да имаат вклучено во своите управни одбори претставници на владина и државна администрација

- *Непрофитно-дистрибутивни* при што не се исклучува придобивањето профит, се исклучува само неговата дистрибуција помеѓу установителите и членовите, а профитот, пак, во целост се употребува за реализација на наменската и мисијата на организацијата

- *Оние што вклучуваат одредена количина на волонтерска работа* при што самото постоење на волонтерскиот инпут па дури да се тоа и самите членови на управниот одбор ја квалификуваат организацијата како волонтерска и не е потребно сите нејзини активни членови да се волонтери (L.M Salamon &X.K Anheier 2014).

При изборот на дефиницијата потребно е да се земат во предвид различни критериуми. Тие критериуми поврзани се со: економичност, препознатливост, точност, експланаторност и апликативност. Поголем број на автори се едногласни дека најпогодна дефиниција е структурално-операционалната дефиниција која е релативно економична, затоа што има голема комбинаторна моќ и затоа што вклучува здруженија кои имаат одредени заеднички структурални карактеристики без оглед на нивното подрачје на дејствување. Тоа не значи дека оваа дефиниција нема слабости, особено кога се однесува на недоволното јасно дефинирање на местото на граѓанските здруженија кои се наоѓаат на границата на одделни сектори, но сепак во крајна инстанца преовладуваат предностите. Според нивното мислење, таа нуди подлога за компаративни истражувања, овозможува полесно емпириско одредување на граѓанските здруженија и при тоа опфаќа најшироко множество од овие здруженија (Врангеловски, 2002).

Слична дефиниција на граѓанските здруженија даваат Саксон и Харолд. Според нивното мислење во граѓанските здруженија спаѓаат оние организации што: остануваат независни од државата;се воспоставени од поединци, чие членство е доброволно, а не наследно или законски пропишано; самостојно ги водат избрани членовите на управниот одбор; имаат главен приход од милосрдни-доброволни подароци, односно прилози во пари и време и продуцираат добра и услуги за други.

Од друга страна Самаривал (Samarival,R), граѓанските здруженија ги дели на организации кои дејствуваат во корист на сите или на поголемиот број на членови во општеството (во јавната корист) и организации кои делуваат во корист на своите членови. Во организациите кои дејствуваат во јавна корист, тој ги вбројува финансиските и други посреднички организации, услужни сервиси и организации за политички притисок и поддршка. Меѓу организациите кои дејствуваат во корист на членовите тој ги класифицира социјалните клубови, професионалните и стручни здруженија.

Џонсон,Н. граѓанските здруженија ги класифицира на еден поинаков начин врз основа на типот на услугите и тоа: соседски групи или организации во локалната заедница, групи за самопомош и заемна помош, групи за притисок или организации кои се занимаваат првенствено со истражување. Брентон врз основа на истата класификација граѓанските здруженија ги класифицира на организации кои: нудат одделни сервиси, нудат заемна помош, извршуваат функција на групен притисок, се извор на информации и други видови на поддршка и извршуваат функција на меѓусекторска координација.

Авторите на наведените класификации во голем број поставуваат експлицитни критериуми. Поради тоа се добива впечаток како да се обликувани само за познавање на конкретната реалност односно познавање на реалните организациски ентитети во конкре-тното општество (Salamon L. &Anheier X. 2014).

Во Македонија, граѓанските организации се дефинирани како доброволни, непрофитни и приватни организации чија мисија е промена, поддршка или промоција на разни општествени сегменти (ЦИВИКУС, 2005).

## 2. Профилот на граѓанско здружување во Македонија

Граѓанското содружништво во Македонија од 1991 година со прогласувањето на независноста на државата па до денес претрпе значителни промени во процесот на развој. Транзицијата на државата од социјализам во демократија ги одбележа и новите форми на организирање на граѓаните во граѓански организации. До 1990 година во државата се регистрирани 4.203 граѓански организации, но во 2010 година, пред донесувањето на новиот Закон за здруженија и фондации, се регистрирани 11.326 организации. Во 2010 година, со донесувањето на Законот за здруженија и фондации, се условија сите организации на процес на пререгистрација, со што бројот на регистрирани граѓански организации значително се намали. Денес, бројот на регистрирани граѓански здруженија и организации според Регистерот на граѓански здруженија кој се води од страна на Централниот регистер изнесува 14.914 кои се активни во различни сфери од општественото живеење.

Здруженијата имаат една заедничка карактеристика:нивната правна форма, регулирана со Законот за граѓански здруженија и фондации од 2010

година. Оваа заедничка точка може да изгледа како да го прави содружничкиот свет хомоген, но напратив тој се карактеризира со својата голема разновидност. Здруженијата особено се разликуваат според нивната организациона форма, според нивната активност, големина, територијата на која дејствуваат, важноста и потеклото на нивните финансиски ресурси.

Граѓанските здруженија привилегираат неколку сектори на активност. Во Регистерот на граѓански организации кој се води од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија може да се издвојат седум правни форми на здружување во рамки на граѓанските здруженија и тоа: социјално-хуманитарни здруженија спортско-рекреативни здруженија, културни здруженија , професионално(струкови)здруженија, еколошки здруженија, фондации, останати-општествени организации, фондации и здруженија.

**Табела 1: Број на граѓански здруженија според правната форма на класифицирање**

| | |
|---|---|
| Социјално-хуманитарни | 501 |
| Спортско-рекреативни | 3506 |
| Културни | 1050 |
| Професионано-струкови | 480 |
| Еколошки | 193 |
| Фондации | 216 |
| Останати општествени организации и здруженија | 9491 |

Извор: Регистер на граѓански организации https://www.crm.com.mk/

Од табелата бр.1 може да се заклучи дека најголем број на граѓански здруженија се класифицирани во категоријата останати општествени организации и здруженија, додека најмал број на граѓански здруженија и организации припаѓаат на категоријата еколошки здруженија. Ваквото групирање на скоро две третини здруженија и фондаци во категоријата „Останати..“ онеовозможува попрецизно профилирање на граѓанските здруженија.

Основен акт на граѓанските здруженија претставуваат нивните статути. Законот ја наведува само рамката на основната содржина на статутот, при што се истакнува самостојноста во организирањето и активностите на здруженијата на граѓани. Значи, се става на диспозицијата на здруженијата уредувањето на организацијата и активностите, при што нивните права, должности и одговорности се сведуваат во рамки на начелата на уставноста и законитоста. Од таа причина, е потребно првенствено јасно и конкретно организацијата да ги дефинира своите цели и задачи, истовремено јасно и ефективно да ги опише и да ги определи односите на различните органи во рамки на самата организација и на крај да се води сметка на кој начин ќе се регулира финансиската контрола во рамки на организацијата. За таа цел, граѓанските организации имаат законска обврска да поднесуваат завршна финансиска сметка до Управата за јавни приходи. Во тој контекст, според правниот статус од вкупниот број на регистрирани граѓански здруженија и организации 8819 здруженија имаат правен статус на активни граѓански здруженија додека 6095 здруженија имаат правен статус на неактивни односно во изминатата календарска година немаат поднесено завршна сметка до Управата за јавни приходи што е нивна законска годишна обврска.

**Табела 2: Правен статус на граѓанските здруженија**

| | |
|---|---|
| активни | 8819 |
| неактивни | 6095 |

Извор: Регистер на граѓански организации https://www.crm.com.mk/

Врз основа на големината граѓанските здруженија според критериумите во Законот за трговски друштва, може да бидат со голем, мал, микро и среден обем. Во контекст на обемот на граѓанските здруженија се добива заклучокот дека најголемиот број на граѓански здруженија имаат микро обем на дејствување односно 8031 граѓанско здру-жение, по што следуваат здруженија со мал обем односно 6878 граѓански здруженија и организации.

**Табела 3: Обем на граѓанските здруженија и организации**

| | |
|---|---|
| Големи | 1 |
| Мали | 6878 |

| | |
|---|---|
| микро | 8031 |
| среден | 3 |

Извор: Регистер на граѓански организации https://www.crm.com.mk/

Од аспект на територијата на која дејствуваат граѓанските здруженија според расположливите податоци од регистерот на граѓански организации се добива заклучокот дека здруженијата дејствуваат во сите плански региони на државата. Најголемиот број на здруженија дејствуваат во рамки на скопскиот плански регион (5680 граѓански здруженија). Во Пелагонискиот регион активни се вкупно 1429 граѓански здруженија додека во Југозападниот плански регион тој број изнесува 1345 граѓански здруженија. Споредбено со останатите плански региони бројот на граѓански здруженија е поголем во наведените региони. Бројот на граганскi здруженија во Полошкиот регион изнесува 1232, во Источниот 1084 граѓански здруженија додека во Вардарскиот регион тој број изнесува 1060 регистрирани граѓански здруженија. Бројот на регистрирани граѓански здруженија споредено со сите останати плански региони е најмал во Североисточниот плански регион. Бројот на регистрирани здруженија во тој регион изнесува 752 граѓански здруженија.

**Табела 4: Територијално дејствување на граѓанските здруженија според плански регион**

| | |
|---|---|
| Вардарски | 1060 |
| Источен | 1084 |
| Југозападен | 1345 |
| Југоисточен | 1138 |
| Пелагониски | 1429 |
| Полошки | 1232 |
| Североисточен | 757 |
| Скопски | 5680 |

Извор: Регистер на граѓански организации https://www.crm.com.mk/

Според претежната дејност на дејствување на граѓанските здруженија и организации во рамки на Регистерот постои сеопсежна класификација на граѓанските здруженија во рамки на различни домени од нивното делување и тоа здруженија со претежна дејност во стопанство, индустија, услужни дејности, образование, култура, спорт и рекреација, социјална и здравствена заштита, верски здруженија, етнички и политички здруженија.

## 3. Граѓански здруженија во областа на социјалната политика

Денес во Македонија има вкупно 14914 регистрирани здруженија[3] на граѓани кои се финансираат од централниот буџет, буџетот на индивидуални Министерства, средства добиени преку лотарија и други игри на среќа, како и преку Секретаријатот за европски прашања (во контекст на активностите поврзани со евроинтеграцијата). Сепак, најголемиот дел од средствата на граѓанските организации произлегуваат од меѓуна-родните донатори/фондации. Во контекст на граѓанските организации од доменот на социјалната политика во моментов во Министерството за труд и социјална политика се наоѓаат 4 различни регистри со преку 100 организации (не се сите граѓански), кои обезбедуваат услуги во пооделните домени на социјалната политика (вработување, социјална заштита, социјално осигурување ). Овие регистри се составени од организации кои ги исполниле критериумите за професионалност, компетентност и квалитет согласност реформираните Законски регулативи, и само тие можат да аплицираат на тендерските повици кои ги објавува МТСП. Домените во кои се активни граѓанските организации во социјалниот сектор во Република Северна Македонија се всушност оние во кои државата има помалку развиени капацитети и форми на помош, како на пример дневни центри за помош на социјално ранливи категории, СОС линии, помош на специфични категории како жени, припадници на различни етнички заедници, програми за поддршка на неформалното образование и сл.

**Табела 5: Регистри и број на граѓански организации од областа на социјална политика**

| Регистар | Број на граѓански организации |
|---|---|
| Регистар на лиценцирани даватели на социјални услуги | 82 |
| Регистар на синдикати | 68 |
| Приватни агенции за вработување | 34 |

[3] Податок од Централен регистар на РСМ (https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii )

| | |
|---|---|
| Листа на приватни установи за вон семејна социјална заштита на стари лица | 37 |

Извор: МТСП, 2023

Од табелата бр. 5 може да се изведе заклучокот во прилог на тезата за плурализациата на давателите на социјални услуги. Но треба да се нагласи дека не сите се граѓански здруженија (агенции за вработување,синдикати, домови за стари лица). Во рамки на овој труд акцентот ке биде ставен на граѓанските здруженија и организации лиценцирани како даватели на социјални услуги.

Во Регистерот на даватели на социјални услуги може да се забележат вкупно 82 граѓански здруженија кои ги обезбедуваат критериумите за професионалност, компетентност и квалитет во обезбедување на различни социјалните услуги[4]. Во тој контекст, според класификацијата на социјалните услуги граѓанските здруженија најмногу се застапени во обезбедување на социјалната услуга: услуги во домот (33 граѓански организации), по што следува услугата вон-семејна заштита која ја обезбедуваат вкупно 30 граѓански здруженија. Услугите во заедницата ги обезбедуваат вкупно 15 граѓански здруженија додека помалку значително е учеството на граѓанските здруженија кои ја обезбедуваат услугата на советување (вкупно 3 граѓански здруженија) и услугата на стручна помош и поддршка (вкупно 1 граѓанско здружение).

Од аспект на видот на социјалната услуга граѓанските здруженија во најголем број ја обезбедуваат социјалната услуга помош и нега во домот (вкупно 25 граѓански здруженија). Како второ застапена социјална услуга која ја обезбедуваат граѓанските здруженија е услугата сместување во установа ( вкупно 21 граѓанско здружение). Видот на социјалната услуга живеење со поддршка ја обезбедуваат вкупно 8 граѓански здруженија, додека услугата привремен престој ја обезбедуваат вкупно 4 здруженија. Исто така, значителен е бројот на здруженија кои ја обезбедуваат услугата лична асистенција (вкупно 12 граѓански здруженија).

Според регионалниот диспарзитет односно територијата на дејствување може да се заклучи дека најголем број на здруженија кои се лиценцирани даватели на социјални услуги гравитираат во Скопскиот плански регион (вкупно 36 граѓански организации).Во Вардарскиот регион лиценцирани се вкупно 12 даватели на социјални услуги, во Југоисточниот и Југозападниот регион има вкупно 7 здруженија кои се даватели на социјални услуги, додека

[4] Член 70 од Закон за социјална заштита (141/19) врши класификација на социјалните услуги која се остварува во или преку центрите за социјална работа во шест категории, и тоа: Услуги на информирање и упатување; Услуги на советување; Услуги на стручна помош и поддршка; Услуги во домот ; Услуги во заедницата ; Вонсемејна заштита

најмал е бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги во Пелагонискиот регион.

Лиценцираните граѓански здруженија од аспект на корисници ги покриваат клучните целни групи кои се изложени на социјален ризик. Според Регистерот на даватели на социјални услуги во најголем број застепени се здруженија кои во својот фокус на работа ги преферираат старите лица (вкупно 45 здруженија), лицата со попреченост (21 здружение), заштита на деца во социјален ризик (вкупно 8 здруженија), работа со жртви на семејно насилство (вкупно 3 здруженија), зависници од психотропни супстанции (1 здружение) и трговија со луѓе (вкупно 1 здружение). Домените во кои се активни граѓанските здруженија во социјалниот сектор во Република Северна Македонија се всушност оние во кои државата има помалку развиени капацитети и форми на помош, како на пример дневни центри за помош на социјално ранливи категории, СОС линии, помош на специфични категории како жени, припадници на различни етнички заедници, програми за поддршка на неформалното образование и сл.

**Заклучок**

Граѓанските здруженија во Македонија делуваат во различни области, од кои најзастапени се спортско-рекреативните здруженија, културните, професионално-струковите здруженија уметност и друго. Овој трет сектор има за цел да влијае на општествените политики, односно со свој придонес да оформува општество кое се темели на демократски вредности.

Од анализата на профилот на граѓански здруженија во Македонија може да се заклучи дека граѓанските здруженија особено се разликуваат според нивната организациона форма, нивната големина, територија, важност и потекло на нивните финансиски ресурси.Од анализата на бројот на граѓански здруженија според правната форма на класификација се добива заклучокот дека најголем број на здруженија се класифицирани во категоријата останати општествени организации, фондации и здруженија што во суштина го онеовозможува прецизно профилирањето на граѓанските здруженија. Во контекст на нивниот правен статус поголем е бројот на здруженија кои имаат статус на активни односно истите во изминатата година имаат доставено завршни сметки до Управата за јавни приходи. Анализирајќи го обемот на граѓанските здруженија во Македонија, најголем број на здруженија имаат микро обем на дејствување додека најмал број на здруженија имаат голем обен на дејствување. Во контекст на територијата на дејствување се добива заклочокот дека здруженијата дејствуваат во сите плански региони во различни дејности од општественото живеење.

Во контекст на граѓанските организации од доменот на социјалната политика во моментов во Министерството за труд и социјална политика се наоѓаат 4 различни регистри со преку 100 организации (не се сите граѓански), кои обезбедуваат услуги во пооделните домени на социјалната политика (вработување, социјална заштита, социјално осигурување). Анализирајќи го Регистерот на даватели на социјални услуги може да се забележат вкупно 82 граѓански здруженија кои ги обезбедуваат критериумите за професионалност, компетентност и квалитет во обезбедување на различни социјалните услуги. Самиот регистер ги дефинира основните профилирачки карактеристики на граѓанските здруженија според различни карактеристики. Од аспект на класификација на социјалните услуги најмногу е застапена социјалната услуга-услата во домот, додека најмалку застапена е стручна помош и поддршка. Земајки го во предвид видот на социјалната услуга можеме да заклучиме дека во најголем број застапени се здруженија кои ја обезбедуваат социјалната услуга помош и нега во домот, додека најмалку здруженија ја застапуваат услугата привремен престој. Според територија на делување најголем број на граѓански здруженија делуваат во Скопскиот плански регион, додека најмал е бројот на лиценцирани даватели на социјални услуги во Пелагонискиот регион. Домените во кои се активни граѓанските здруженија во социјалниот сектор во Република Северна Македонија се всушност оние во кои државата има помалку развиени капацитети и форми на помош, како на пример дневни центри за помош на социјално ранливи категории, СОС линии, помош на специфични категории како жени, припадници на различни етнички заедници, програми за поддршка на неформалното образование и сл.

Во Македонија, граѓанското содружништво игра голема улога во развојот и импле-ментирање на социјални политики. Во изминативе години со воведување на социјалната реформа се поактулно станува вклучувањето на граѓанските организации во импле-ментирање на социјалните политики. Од анализата може да се заклучи дека граѓанските здруженија кои се лиценцирани даватели на социјални услуги се разликуваат во својот профил според начинот на кој се класифицирани според видот на услуги, теритироријата на дејствување, опфатот на целните групи како и дејствувањето во различните домени на самите социјални политики.

**Користена литература**


- Врангеловски, Љ. (2002). „Граѓанските здруженија во Македонија“: МЦМС-Скопје
- Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.141/19)
- Регистер на граѓански организации https://www.crm.com.mk/
- Регистер на даватели на социјални услуги https://www.mtsp.gov.mk/
- Цивикус (2005). „Индекс на граѓанско општество„-Скопје
- L.M.Salamon& X.K.Anhalier. (2014). The Emerging Sector: Th e Nonprofi t Sector in Comparative Perspective-An Overview. Johns Hopkins University Institute for Policy Studies, 98-120